# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# PROGRAMI PËR PUNË
# ANNUAL PLAN OF ACTION 2012

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KRYQI I KUQ I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
MACEDONIAN RED CROSS



# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# PROGRAMI PËR PUNË
# ANNUAL PLAN OF ACTON
# 2012



# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА....3
МОДЕРНИЗИРАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СВЕТСКИТЕ ТРЕНДОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВОТО ДОСТОИНСТВО....4
ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ....6
МЕНАЏМЕНТ НА ВОЛОНТЕРИ И ВРАБОТЕНИ....8
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА И ЕДУКАЦИЈА....10
СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ....12
ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ....14
ЗДРАВСТВЕНО - ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ....16
ЗДРАВСТВЕНА ПРЕВЕНЦИЈА....16
КРВОДАРИТЕЛСТВО....18
ПРВА ПОМОШ....20
ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ВО ЗДРАВСТВЕНО - ПРЕВЕНТИВНАТА ДЕЈНОСТ....22
ДИСЕМИНАЦИЈА....23
ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА - ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ....25
МЛАДИ....27
СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ....30
МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ....31
ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ....33
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....35
БУЏЕТ ЗА 2012 ГОДИНА....37



# МОДЕРНИЗИРАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СВЕТСКИТЕ ТРЕНДОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВОТО ДОСТОИНСТВО

Црвениот крст на Република Македонија во својата агенда за натамошен развој ги поттикнува индивидуалните и заеднички вредности и постојано работи на подигање на свеста за заштита на човековото достоинство. Хуманите вредности кои постојано ги промовираме преку нашите активности се засноваат врз основните принципи на Меѓународното Движење на Црвен крст, преку кои се обидуваме континуирано да обезбедуваме помош и услуги за ранливото население и да го промовираме меѓународното хуманитарно право. Во своето делување, активностите ги насочуваме кон имплементација на современи начини на функционирање и дејствување кои придонесуваат кон модернизирање и следење на светските трендови на современото работење со цел да обезбедиме побрз одговор на потребите на ранливото население.

Во годината пред нас најголемиот предизвик ќе биде реализирање на нашите стратешки заложби поставени во Стратешкиот План на Црвениот крст на Република Македонија 2020 и обезбедување на континуиран развој на организацијата, врз база на локалните потреби и можности и ресурсите кои може да ги мобилизираме во насока на градење на модерно, современо и силно национално друштво.

Годината ќе ја одбележи спроведување на изборниот процес во националното друштво и обука на новоизбраните раководни структури и финализирање на процесот на сертификација на Црвениот крст на Република Македонија и добивањето на сертификат за силно национално друштво што ќе овозможи обезбедување на поголема проектна поддршка од донатори и партнери. Исто така се заокружува третата процена и анализа на работата на општинските организации на Црвен крст за периодот 2009-2011 што ќе обезбеди индивидуални показатели за постигнатиот развој на секоја општинска организација на Црвен крст во изминатиот тригодишен период како и насоки за преземање на активности за понатамошен развој на целокупното национално друштво.

Црвениот крст на Република Македонија ќе продолжи со своите активности за поттикнување на корпоративната општествена одговорност преку организирање на заеднички иницијативи со бизнис секторот. Во чекор со насоките на Европската Унија и Обединетите нации, во текот на годината фокусот на нашата работа ќе биде на обезбедување на грижа за старите лица, и вклучување во глобалните иницијативи за одбележување на годината на стари лица.

Остануваме посветени на обезбедување на ефикасна поддршка на социјални и здравствено - превентивни и едукативни актив-

ности за подигање на свеста на јавноста за опасностите од различни заразни болести и други итни хуманитарни предизвици насочени кон заштита на здравјето и добросостојбата на граѓаните на Република Македонија и обезбедување хуманитарна поддршка за специфични ранливи категории на население.

Посебен акцент ќе биде ставен на развојот на информативниот менаџмент за да се обезбеди функционално вмрежување на интегралните сегменти на националното друштво, како и ефективно и ефикасно координирање на работата со цел остварување на долгорочните стратешки цели, обезбедување на брз проток на информации, транспарентност и отчетност во сите сфери на функционирање.

Постојана заложба останува да биде анимирање на интересот на сите хумани луѓе да учествуваат во спроведувањето на секојдневните активностите на организацијата како волонтери, подржувачи или наши партнери.

Нашите предизвици претставуваат дополнителен потстрек и мотивација за напорна работа и градење на модерна организација со цел да бидеме подобри и поуспешни во интерес на обезбедување на квалитетни услуги за нашите корисници.

д-р Милчо Трајков
Претседател



м-р Саит Саити
Генерален Секретар





# ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

Основна заложба на националното друштво е да обезбедува квалитетни хуманитарни услуги за ранливото население во земјата преку мобилизирање и организирање на човечки и материјални ресурси. Изминатите постигнувања во повеќе сфери во работа претставуваат добар предуслов за континуитет во спроведувањето на развојни активности за трансформирање на организацијата во силно национално друштво кое добро функционира. Развојните определби на националното друштво се насочени кон континуирано подобрување на имиџот на националното друштво во земјата и во рамките на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина како и кон подобрување на квалитетот на услугите за различни категории на корисници на услуги и надградба на капацитетите на интегралните делови на националното друштво. Дел од клучните активности во 2012 година ќе биде спроведување на изборниот процес во националното друштво и обука на новоизбраните раководни структури, заокружување на процесот на сертификација на ЦКРМ за силно национално друштво и спроведување на процена и анализа на работењето на општинските организации на Црвен крст. Исто така, националното друштво ќе преземе активности за продолжување на започнатиот процес за интензивна надградба на капацитети во националното друштво. Клучните предизвиците ќе бидат опфатени преку следните активности:.

## ЦЕЛ:

*Развој на Црвениот крст на Република Македонија во силно национално друштво кое добро функционира;*

## *АКТИВНОСТИ:*

- Процена и анализа на работата на општинските организации на Црвен крст. Ќе бидат остварени 35 теренски посети на ООЦК, за собирање на информации за работата на општинските организации на Црвен крст и наодите ќе бидат искористени за подготовка на развојни активности кои ќе овозможат надградба на капацитети на националното друштво.
- Спроведување на изборен процес во националното друштво и обезбедување на ориентациска обука за новоизбрана раководна структура на ЦКРМ. Во првата половина од 2012 година ќе биде обезбедена потребната поддршка на локално и национално ниво за успешно спроведување на изборниот процес во Црвениот крст на Република Македонија. Во втората половина од годината ќе биде организирана ориентациска обука за новоизбрана раководна структура за Движењето на Црвен крст.

- Сертификација на Црвен крст на Република Македонија. Во тековната година се очекува да се финализира втората фаза од процесот на сертификација на ЦКРМ од страна на Меѓународната Федерација. Сертификатот за силно национално друштво треба да обезбеди дополнителен кредибилитет на националното друштво при аплицирање за проектна поддршка од меѓународни донатори.
- Дисеминирање на Стратешкиот План 2020 на националното друштво пред раководните и управни структури на организација. Во текот на 2012 година ќе бидат организирани повеќе средби на национално и локално ниво за дисеминирање на развојните цели и приоритети кои произлегуваат со новиот Стратешки План 2020. Спроведување на годишна евалуација за имплементација на Стратешки План 2020 во 2012 година.
- Градење оперативни сојузи и партнерства согласно со новиот Оперативен Модел на Меѓународната Федерација. Црвениот крст на РМ ќе ги продолжи напорите за воспоставување нови партнерства со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, меѓународни организации, државни институции и корпорации во насока на обезбедување програмска и проектна поддршка за националното друштво.
- Едукација и обука на вработените и волонтерите на Црвениот крст на РМ. Националното друштво ќе продолжи со спроведување на обуки за човечките ресурси преку проектите и редовните програми на националното друштво.
- Подготовка на Стратегија за обука на вработени.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Спроведена е процена и анализа на работата на општинските организации на Црвен крст и добиени се показатели за утврдување на приоритетни мерки за развој на ООЦК;**
- **Спроведен е успешен изборен процес во националното друштво и организирани се потребните обуки за новоизбраната раководна структура;**
- **Успешно е заокружен процесот на сертификација на ЦКРМ за силно национално друштво и добиен е сертификат за исполнување на квалитативни стандарди на силно национално друштво;**
- **Дисеминиран е Стратешкиот План на националното друштво за периодот 2010-2020 пред раководните и управни структури на организација;**
- **Имплементирани се мерки за наградба на капацитетите на ООЦК;**
- **Воспоставени се стратешки партнерства со организации и агенции од РМ и странство;**
- **Воспоставен е систем за менаџмент со вработени и волонтери на ЦКРМ;**
- **Надградени се постоечките капацитети во националното друштво и воспоставен е ефикасен систем за едукација;**
- **Подготвена е Стратегија за обука на вработени.**





# МЕНАЏМЕНТ НА ВОЛОНТЕРИ И ВРАБОТЕНИ

Црвен крст на РМ се стреми кон обезбедување стабилен систем за регрутирање, едукација, теренско дејствување и задржување на волонтерите. Волонтерите се драгоцени ресурси на кои постојано треба да им се овозможува партиципирање и реализирање на значајни активности согласно со нивиот интерес и потреби. Волонтерите поседуваат најразлични вештини и способности, и чувствуваат потреба да дадат свој придонес за развојот на заедницата во која живеат со желба да се помогне некому. Преку континуирана активност за привлекување на нови волонтери, нивно задржување, мотивирање и организирано активирање во волонтерските активности во рамките на програмата за менаџмент со волонтери, Црвениот крст прави напори да ги подобри своите перформанси во работењето по пат на подобрување на ефикасноста и зголемување на опсегот на активности на национално друштво, преку постојано анимирање на нови волонтери за спроведување на програмите на националното друштво. Волонтерите се нашата најголема предност во промовирање на идеалите на Движењето.

Примарна функција на националното друштво е да обезбедува квалитетни хуманитарни услуги за ранливото население во земјата преку мобилизирање и организирање на човечки и материјални ресурси. За таа цел националното друштво ќе продолжи со спроведување на обуки за човечки ресурси, преку проектите и редовните програми на националното друштво. Во текот на годината ќе се организира континуирана надградба на капацитетите на вработените со цел зајакнување на организациските капацитети за проширување на опсегот на услуги согласно со потребите на ранливото население и други категории на корисници на услуги на Црвениот крст и за обезбедување на суштинска поддршка за градење на силно национално друштво согласно целите на Стратешкиот план 2020 на Црвениот крст на Република Македонија. Исто така, националното друштво ќе продолжи со спроведување на систематизирани активности за ангажирање на соодветен стручен кадар во организацијата на национално и општинско ниво согласно со потребите на националното друштво.

## ЦЕЛИ:

- *Зголемени капацитетите за работа со волонтери.*
- *Надградени капацитетите на вработените.*
- *Создадени поволни услови за привлекување и задржување на соодветни човечки ресурси во организацијата.*

## *АКТИВНОСТИ:*

- Дисеминација и примена на политиките за привлекување, задржување и следење на волонтерите;
- Примена на софтверот за волонтери, членство и канцелариско работење од страна на ООЦК и ЦК на град Скопје и комплетирање на базата на податоци;
- Изработка на Стратешки план за волонтерство 2013- 2018;
- Привлекување на волонтери и промоција на волонтерската работа;
- Обука и дообука за волонтерски менаџмент согласно потребите на ООЦК и ЦК на град Скопје;
- Координирање на активностите на мрежата за волонтерски менаџмент;
- Обезбедување на стручни обуки за вработените во националното друштво;

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Зајакнати капацитетите на ООЦК и ЦК на град Скопје за работа со волонтери;**
- **Изработен Стратешки план за волонтерство 2013- 2018;**
- **Подобрени капацитетите на лицата одговорни за менаџмент на волонтери на Црвениот крст;**
- **Дисеминирани политики за привлекување, задржување и следење на волонтерската работа;**
- **Воспоставен унифициран систем за евидентирање на волонтерите во националното друштво преку единствена база на податоци;**
- **Подобрени вештини и способности на службата и волонтерите на националното друштво.**





# ЦЕНТАР ЗА ОБУКА И ЕДУКАЦИЈА

Предизвикот пред Центарот за обука и едукација на Црвениот крст на Република Македонија, е прифаќањето и имплементацијата на нови форми и содржини во работата со активистите, волонтерите и корисниците на услугите на Центарот.
Координацијата со секторот за програми и секторот за логистика во делот на планирање и реализација на едукативни содржини и обуки е една од компонентите кои се основа за натамошен развој и усовршување на наставните содржини и форми во работењето.
Добрата соработка и партнерските односи со други институции и организации во земјата и во странство ќе се унапредува преку заеднички организирани едукативни активности и обуки, како и преку заедничко организирање на проектни активности.
Услугите кои што ќе бидат понудени до корисниците ќе бидат осовремени со примена на најновите постигнувања во едукативната сфера, заедно со новините кои ги носи развојот на овие активности кај нас и во светот.
Апликацијата на сите овие нови форми за работа ќе овозможат постојана надградба на човечките ресурси, привлекување на нови активисти и волонтери се со цел да истите поквалитетно и поуспешно се носат со новите предизвици кои од нив ги бараат промените во општеството и хуманитарната работа.
Афирмацијата и поголемата промоцијата на активностите кои ги реализира Центарот за обука и едукација на Црвениот крст на Република Македонија во пошироката јавност е еден од предусловите за поголем опфат на заинтересирани корисници на услугите на Центарот.

## *АКТИВНОСТИ:*

- Курс за реалистичко прикажување на рани и повреди. Ќе се организира курс за реалистичко прикажување на рани и повреди за потребите на ООЦК на кој ќе учествуваат младинци кои имат претходно знаење по прва помош.
- Специјализирани курсеви за прва помош. Ќе се организираат курсеви за учење на првата помош за бебиситери, и прва помош за возрасни.
- Основни курсеви за спасување на затворени и отворени води. За потребите на ООЦК ќе се организираат курсеви за едукација на спасители за затворени и отворени води

- Курсеви за обука на инструктори за спасување на вода. За потребите на ООЦК ќе се организираат курсеви за едукација на меѓународни инструктори за спасување на вода.
- Едукација за проценители на сигурност на плажи. Во соработка со ИЛСЕ ќе се организира меѓународен курс за едукација на проценители на безбедност на плажите.
- Курсеви за спасување на планина. Во соработка со ИКАР – ЦИСА ќе се организираат курсеви за спасители на планина.
- Школа за болногледачи во домашни услови. Потребата од зголемени услуги кај болни во домашни услови ја наметнува потребата од организирање на школа за болногледачи во домашни услови.
- Курсеви за комуникациски вештини. За потребите на ООЦК и ЦКРМ со вработените ќе се организираат курсеви за учење на комуникациските вештини.
- Школа за учење на странски јазик. Ќе се организираат курсеви за странски јазици.
- Школа за цртање. Ќе се организира школа за цртање каде што посетители ќе бидат деца од основни училишта од семејства корисници на социјална помош.
- Градинка во природа. Децата од 4-6 годишна возраст многу полесно ги учат странските јазици. Градинката во природа ќе им овозможи и заедничко дружење.
- Обука на хендикепирани за пливање. Хендикипарините деца е потребно да се рекреираат и дружат. Затоа ќе се организираат обуки за пливање за овие деца.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

**Континуирана надградба на човечките ресурси, привлекување на нови волонтери со цел истите поквалитетно и поуспешно да се носат со новите предизвици кои од нив ги бараат промените во општеството и хуманитарната работа.**





# СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

Социјално - хуманитарната дејност претставува една од значајните сегменти на дејствување на Црвениот крст на Република Македонија. Спецификата на работа на оваа дејност нуди широк спектар на содржини кои придонесуваат за подобрување на животот на ранливото население во заедниците. Борбата против социјалната исклученост е една од главните активности преку која Црвениот крст прави напори да придонесе во подобрувањето на поврзаноста помеѓу поединецот и заедницата. Превенцијата на населението е исто така интегрален дел од основните активности на оваа дејност, која е насочена кон подигање на јавната свест со цел заштита и справување со одредени социјални ризици, како и мобилизирање на капацитети за помош на ранливи целни групи население.

## ЦЕЛИ:

- *Унапредена социјална вклученост и култура на ненасилство и мир;*
- *Зајакнати капацитети за имплементација на социјално - хуманитарни активности;*
- *Подобрен партиципативен пристап за имплементација на социјално - хуманитарни активности;*

## *АКТИВНОСТИ:*

- Одбележување на традиционални хуманитарни активности согласно Календарот на активности на Црвениот крст на РМ. За секоја активност ќе биде подготвена програма, насоки за одбележување, како и ќе се изработат едукативни и промотивни материјали (брошури, постери, флаери, видео спот и др.):
    - Недела на солидарност и Хуманитарна акција ,,Од куќа до куќа,, 11-17 април;
    - Меѓународен ден за борба против трговија со луѓе -18 октомври;
    - Меѓународен ден на гладта – 16 октомври;
    - Недела за грижа на старите лица – 15-21 ноември;
    - Недела за борба против трговија со луѓе – 2-9 декември;

- Примена и развој на програмата ,,Заеднички развој на заедницата,, во нови општински организации на Црвениот крст, со цел активна вклученост на ранливите целни групи во носење на одлуки кои директно влијаат врз нивните животи.
- Формирање на мобилни тимови, надградба и проширување на оваа форма во Црвениот крст со цел да се обезбеди соодветна услуга за задоволување на приоритетни потреби на осамени и изнемоштени стари лица во домашни услови кои се соочени со одредени социјални ризици.
- Отворање на клубови за пензионери, надградба и проширување на оваа форма во националото друштво. Клубовите имаат за цел психо-социјална и здравствена поддршка на старите лица, совладување на вештини за зачувување на менталното здравје и други активности за задоволување на нивните приоритетни потреби.
- Организирање на хуманитарни иницијативи за обезбедување донации во храна, средства за хигиена, облека, опрема и др. за помош на ранливи категории население, како и помош за одредени институции кои имаат таков вид на потреба.
- Развој на активностите за поддршка на децата и младинците со посебни потреби. Во соработка со Заводот за социјални дејности, како и партнерскиот однос со корпоративниот сектор организирање на заеднички иницијативи за зајакнување на меѓусебната соработка за поддршка на активности насочени кон подобра социјализација на лицата со посебни потреби.
- Организирање и развој на превентивни активности за борба против трговија со луѓе во националното друштво. Учество на Црвениот крст на РМ во Секретаријатот на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Следење на актуелностите, како и вклученост на Црвениот крст во борба против трговија со луѓе.
- Организирање на хуманитарна акција со цел да се подигне свеста на децата за потребната меѓусебна солидарност и помош.
- Организирање на инструктивни работилници за поефикасно имплементирање на програми и проекти како и размена на искуства и мислења од позитивни практики;
- Организирање на активности за воспоставување на партнерска соработка со владини институции, граѓански здруженија и корпоративен сектор за имплементација на заеднички инцијативи наменети за помош и поддршка на ранливите целни групи население.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Подобрена социјална интеграција на луѓето кои се нашле во неповолна состојба;**
- **Намалена ранливост на лицата соочени со социјален ризик;**
- **Зголемени материјални капацитети на Црвениот крст за социјална интервенција во заедниците;**
- **Зголемен интерес на јавноста за вклученост и поддршка на социјално - хуманитарни активности;**
- **Подигната е свеста на населението за заштита и справување со одредени социјални ризици;**
- **Обезбедена поквалитетна помош и услуги кон целните групи;**
- **Зголемен капацитет на ранливите групи за подобра социјална интеграција во заедницата;**
- **Зајакнат е партнерскиот придонес во подобрување на животот на ранливите целни групи на население во заедниците.**



# ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

Во текот на годината, активностите во планот за подготвеност и дејствување при катастрофи ќе бидат насочени кон имплементација на Стратешкиот план 2020 на Црвен крст на РМ, кој е резултат на досегашните реализирани активности, како и целите на глобалната агенда на Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Појдовните насоки и приоритетни активности на планот за подготвеност и дејствување при катастрофи ќе бидат насочени кон намалување на ризиците, како и зајакнување на капацитетите и отпорноста на ООЦК во соработка со локалната заедница. Во реализација на наведените активности, Црвен крст на РМ ќе се грижи за натамошно продлабочување на соработката со сите субјекти кои се определени со Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, а особено за реализација на заеднички активности со Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштитата и спасувањето кои се водечки агенции во Република Македонија.

## ЦЕЛИ:

- *Подготвеност и дејствување при катастрофи;*
- *Опоравување од катастрофи;*
- *Нашиот систем за менаџирање со катастрофи;*

## *АКТИВНОСТИ:*

- Процена на ризици од катастрофи.
- Формирање на тимови за проценка.
- Подигање на јавната свест за заштита и самозаштита во случај на катастрофи (природни катастрофи, катастрофи предизвикани од човек) во образовниот систем.
- Подигање на јавната свест за намалување на ризици од климатски промени.

- Имплементација на едукативен систем за самозаштита во случај на катастрофи.
- Обезбедување на клучни услуги (хуманитарна помош - стокови резерви).
- Психолошка поддршка за потребите на ранливото население во случај на катастрофи.
- Промоција на хигиена - вода и санитација.
- Логистичка поддршка во сместување на ранливото население.
- Партнерски соработки со владини и невладини институции.
- Билатерална соработка/регионална соработка.
- Регионализација на активностите на планот за подготвеност и дејствување при катастрофи.
- Изработка на стандардни оперативни процедури за подготвеност дејствување при катастрофи.
- Имплементирање на единствен електронски систем за менаџирање со катастрофи.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Зголемени се капацитетите на националното друштво за рано препознавање, проценка на ризици од катастрофи во заедниците;**
- **Формирани се експертски тимови за проценка;**
- **Подигната е јавната свест за заштита и самозаштита во случај на катастрофи во образовниот систем;**
- **Подигната е јавната свест за намалување на ризиците од климатски промени;**
- **Подобрен е електронскиот систем за самозаштита и заштита во случај на катастрофи;**
- **Обезбедени се клучни услуги во случај на катастрофи (хуманитарна помош - стокови резерви);**
- **Обезбедена е психолошка поддршка на ранливото население;**
- **Подигната е јавната свест во однос на хигиена - вода и санитација;**
- **Унапредена е соработката со владини и невладини институции;**
- **Зголемен е придонесот на националното друштво во подобрување на билатерална и регионална соработка;**
- **Спроведена е регионализација на активностите на планот за подготвеност и дејствување при катастрофи;**
- **Изработени се стандардни оперативни процедури за подготвеност дејствување при катастрофи;**
- **Имплементиран е единствен електронски систем за менаџирање со катастрофи;**





# ЗДРАВСТВЕНО - ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

Превентивното здравство преставува една од движечките дејности на нашето национално друштво. Во рамките на своето работење Црвениот крст на Р. Македонија пружа превентивно здравствени услуги, едукации, работилници, како и изработка на едукативно - информативен материјал преку кои се стремиме да допреме до општата популација. Освен редовните програмски активности како што се крводарителството, првата помош и одбележувањето на традиционалните недели, Црвениот крст на Република Македонија активно ќе се ангажира во изработка и спроведување проектни активности преку кои ќе допре до различни целни групи, ранливо население, како и општата популација. Националното друштво се стреми кон подобрување на својата работа и следење на новите трендови, преку изнаоѓање нови начини за спроведување на здравствено превентивните активности. Здравствено - превентивните активности претставуваат темел на програмските определби на Црвениот крст, кој преку континуирана здравствена работа се стреми за промоција, здравствена благосостојба и соодветна грижа на граѓаните за зачувување на нивното здравје, живот и достоинство.

## ЗДРАВСТВЕНА ПРЕВЕНЦИЈА

### ЦЕЛИ:

- *Градење на капацитетите на националното друштво и општинските организации со цел соодветно да одговорат на здравствените состојби и во случај на катастрофи и кризи;*
- *Унапредување на здравјето и безбедниот живот на луѓето преку намалување на ранливоста и градење на отпорни заедници;*
- *Залагање за здравјето на највулнерабилните групи граѓани на национално и локално ниво;*
- *Мобилизирање на заедницата во здравствените кампањи и активности преку мрежата од волонтери;*

## АКТИВНОСТИ:

- Развивање систем за подобрување на вештините на националното друштво во менаџирање на ургентните јавно - здравствени состојби и појава на епидемии.
- Едукации за оспособување на населението за дејствување во случај на животозагрозувачки ситуации.
- Кампањи за подигање на свеста кај луѓето за сопственото здравје и последиците од одредени заболувања.
- Здравствена помош и социјална интеграција на старите и изнемоштени лица со цел подобрување на квалитетот на животот;
- Мапирање и идентификација на нови ранливи групи граѓани и нивните потреби.
- Медиумска вклученост со цел подигање на јавната свест за потребите и правата на највулнерабилните групи граѓани.
- Изработка на едукативно – информативни публикации од областа на превентивното здравје.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Унапредена меѓународна, национална и локална соработка на полето на кризниот и јавно - здравствениот менаџмент;**
- **Подобрена подготвеност на националното друштво при справување со епидемии и ургентни здравствени состојби;**
- **Спроведени здравствени едукации на општото и ранливо население за конкретни здравствени проблематики;**
- **Обезбедена е основна здравствена грижа на старите и изнемоштени лица преку спроведување здравствени активности според потребите на истите;**
- **Унапредено е индивидуалното здравје, како и здравјето на заедницата преку поефикасни и поинклузивни здравствено - превентивни програми;**
- **Спроведени здравствени едукации на општото и ранливо население за конкретни здравствени проблематики;**
- **Афирмирана е општата популација преку спроведување на здравствено - превентивни кампањи и печатење на едукативно -информативни материјали;**



# КРВОДАРИТЕЛСТВО



Крводарителството претставува хуманитарно - социјална активност на луѓето кои преку давање на крв и ширење на идејата за солидарно, доброволно, анонимно и бесплатно крводарителство помагаат при лекување на граѓаните. Дарувањето на крв е обврска на граѓаните што произлегува од одредбите на Законот за здравствена заштита, при што граѓаните имаат право на здравствена заштита вклучувајќи го и лекувањето со крв и крвни продукти.

## *АКТИВНОСТИ:*

- Одбележување на 17 март - Денот на крводарителството во Република Македонија со свечени и промотивни активности, презентации, доделување на награди и признанија за најуспешните ООЦК, институции и поединци, медиумски настапи и сл.
- Одбележување на 14 јуни Светскиот ден на крводарителството со кампања за промовирање на принципите за крводарителство, активности на младите преку нивните клубови 25, организирање на стручни трибини и едукативни семинари.
- Спроведување на континуирани активности при реализација на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија. Подготвување на интегрален годишен план за организирање на крводарителски акции, функционирање на тимот за координација, планирање и организирање на крводарителски акции, подготвување на анализи, извештаи, евалуации за работата на терен, тесна соработка со институтот за трансфузиона медицина, со останатите партнери (МВР и АРМ) и министерство за здравство, подготвување на здравствено - воспитни и пропагандни ма-

теријали, обезбедување на мотивациони средства за крводарителите, организирање на едукативни семинари и работилници со различни целни групи и водење на електронска евиденција на крводарителите.

- Промовирање на Стратегијата за крводарителство за 2010-2015 година, преку организирани форми на промотивни настапи, стручни предавања, трибини и сл.
- Организирање на семинари и работилници за едукација на нови мотиватори за доброволно крводарителство за потребите на општинските и градската организација на Црвен крст, за клубовите на крводарители, партнерските организации и младите.
- Континуирана соработка со средствата за јавно информирање, за редовно информирање на населението за одржување на крводарителски акции, присутност на медиумите, истакнување на позитивни примери и искуства на крводарителите, прикажување на ТВ и радио спотови, одбележување на денови на крводарителство и сл.
- Подготовка и спроведување на активности во летниот период, преку организирање на традиционални и вонредни акции на целата територија со цел да се обезбедат потребните количини на крв и крвни продукти.
- Соработка со други национални друштва на Црвен крст, невладини и партнерски организации од земјата и странство за размена на искуства и позитивни примери во крводарителството.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Преку промоција на принципите во крводарителство и на етичките вредности, зголемен е бројот на доброволни крводарители и подигната е свеста на луѓето во различни заедници и целни групи;**
- **Идентификувани се приоритетните целни групи, спроведено е нивно мобилизирање и регрутирање и подобрена е соработката со партнерските организации и клубови на крводарители;**
- **Зголемен е бројот на обучени мотиватори за доброволно крводарителство кои понатаму активно ќе се вклучат во процесот на организирање на активности и крводарителски акции во нивните средини;**
- **Зголемен е бројот на млади и нови крводарители, кои допринесуваат преку врсничка едукација во регрутирање и задржување на младите;**
- **Подобрена е комуникацијата меѓу партнерите во реализација на задачите и обврските на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Р.М.;**
- **Подобрена е соработката со други национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, со невладини и партнерски организации кои постигнуваат добри резултати во крводарителството;**



# ПРВА ПОМОШ



## ЦЕЛИ:

- *Зајакнување на постоечките материјални и човечки капацитети во обезбедување на ефикасни и квалитетни услуги од областа на првата помош за различни целни групи;*
- *Воведување нови и развој на постоечките програмски активности од областа на првата помош, нивна имплементација и промоција;*
- *Зајакнување на партнерската соработка;*

## *АКТИВНОСТИ:*

- Организирање едукативни курсеви за прва помош за едукација на вработени и волонтери.
- Организирање едукативни курсеви за судии за потребите на националното друштво за реализација на програмски активности.
- Подигање на квалитетот на наставниот процес за едукација од областа на првата помош за кандидати за возачи, работни организации и различни целни групи согласно препораките на Европскиот Референтен центар за прва помош.

- Континуирана соработка со Европскиот Референтен центар за прва помош, Светската Здравствена Организација, Меѓународната Федерација на Црвен крст и другите национални друштва со цел размена на информации, споделување на добри практики и знаења од областа на првата помош.
- Изработка на програми и проекти наменети за различни целни групи.
- Одбележување на традиционални активности - Светскиот ден на првата помош.
- Организирање кампањи за подигање на јавната свест на населението за значењето и важноста на Првата помош во секојдневниот живот.
- Поголема вклученост во областа на зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во соработка со други институции и организации – Републички совет за безбедност на сообраќајот.
- Воведување нови форми за организирање на општински натпревари и државен натпревар по прва помош.
- Промоција на стекнатите вештини од областа на првата помош надвор од државата преку учество на Балканскиот и Европскиот натпревар по прва помош.
- Промоција на стратешкиот план за прва помош.
- Соработка со релевантни владини институции и организации.
- Медиумско промовирање на активностите и значењето на првата помош во секојдневниот живот.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Зголемен број на едуциран кадар за реализација на наставни програми за прва помош за различни целни групи;**
- **Зголемени кадровски и материјални ресурси за реализација на активности од областа на првата помош;**
- **Воведени се нови наставни содржини за различни целни групи;**
- **Воведени се нови модели на организирање на општински и државни натпревари по прва помош;**



# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ВО ЗДРАВСТВЕНО – ПРЕВЕНТИВНАТА ДЕЈНОСТ

Црвен крст на Република Македонија покрај редовните програмски активности се стреми кон дополнително обезбедување поддршка и соработка со партнери и донатори за заедничка реализација на проекти за помош на лица од ранливите категории. Во таа насока во 2012 година ќе се реализираат девет проекти во кои се опфатени теми од областа на јавното здравје кај различни целни групи и се насочени кон: заштита и превенција од ХИВ/СИДА, туберкулоза, редуцирање на здравствените последици кај населението од топлотните бранови, грижа за стари лица, адаптација кон климатските промени, промоција на хигиена, обука на млади мотиватори во крводарителството, како и прва помош во училиштата. Проектите кои ќе се реализираат во соработка со општинските организации на Црвен крст, Црвен крст на град Скопје и невладиниот сектор се следните:

- Одржување на ниска преваленца на ХИВ во Р. Македонија – Министерство за здравство - грант за ХИВ/СИДА;
- Изработка на локални оперативни и стратешки планови за подобрување на контролата со туберкулоза во Р. Македонија - Министерство за здравство - грант за туберкулоза;
- Спроведување на едукација за подигнување на свеста за туберкулоза помеѓу женското население во рурални области - Министерство за здравство - грант за туберкулоза;
- Спроведување на активности во рамки на акциониот план за топлотни бранови со цел редуцирање на здравствените последици кај населението од топлотните бранови - Министерство за здравство, Институт за јавно здравје – Скопје;
- Проект „Грижа за стари лица“ - Австриски Црвен крст и Австриска агенција за развој;
- Проект „Адаптација кон климатските промени“ - Австриски Црвен крст;
- Промоција на Хигиена „Хигиена за подобро здравје“ – Шпански Црвен крст;
- Клуб 25/Млади мотиватори во крводарителството - Меѓународна Федерација на Друштвата на Црвениот крст и Црвена полумесечина;
- Прва помош во училиштата/ имплементиран на територија на Општинска организација на Црвен крст Гостивар – Германски Црвен крст;



# ДИСЕМИНАЦИЈА



Програмската структура за дисеминација претставува составен елемент на сите програми, проекти и структурални целини на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина која функционира и дејствува како посебна програма со огромно значење за националното друштво.
Ширењето на хуманите вредности се промовира и поттикнува преку практична примена на универзалните вредности - мир, толеранција, ненасилство, дијалог, хуманитарниот чин и акција, култура на дијалог за взаемно разбирање и толеранција, активно знаење и активен однос кон животот, хуманитарно - правните вредности – хуманиот однос без дискриминација, правење разлика, ограничување, добрата волја, пропорционалност, како полиња за дејствување. Стратешките определби на програмата се реализираат преку ширење на знаењата за Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, основните принципи, амблемот, Меѓународното хуманитарно право и хумните вредности, со користење на програмите Истражување на хуманитарното право и Црвен крст во акција – Промоција на хумани вредности - ЦКА - ПХВ , како посебен модел за дисеминација, преку кои ќе постигнеме активна промоција на движењето, основните принципи, меѓународното хуманитарно право, хуманите вредности, културата на ненасилство и мир, како и јакнење на капацитетите и имиџот на Црвен крст на РМ.

## ЦЕЛИ:

- *Примена на постоечките и развој на нови форми и методи за зајакнување на програмата за дисеминација и надградба на капацитетите за дисеминација на МХП во националното друштво;*
- *Афирмација и практично промовирање на хуманите вредности преку ЦКА-ПХВ програмата;*
- *Примена, адаптирање и моделирање на методолошки, аналитички и комуникациски алатки и инструменти за спроведување и унапредување на дисеминацијата како систем во ЦКРМ;*
- *Користење на капацитетите на дисеминацијата за превенција, партнерски односи, хуманитарна дипломатија и активна корелација во ЦКРМ;*

## АКТИВНОСТИ:

- Работилници за дисеминација на МХП со посебни целни групи.
- Презентирање на Стратешкиот план за дисеминација 2011 - 2015 преку работни средби.
- Спроведување на кампања за заштита на Амблемот на Црвен крст.
- Организирање на меѓународен летен камп за Истражување на хуманитарно право.
- Промовирање на хуманитарна едукација во образовниот систем.
- Анализа и сумирање на тримесечни извештаи за реализирани дисеминациски сесии од страна на дисеминаторите.
- Работни средби со дисеминатори за размена на искуства.
- Дисеминациски сесии во рамките на програмата за регрутирање и задржување на волонтери ЦКА - ПХВ.
- Организирање на годишен натпревар по МХП со студенти од унверзитетите.
- Континуирана работа на Националниот комитет за имплементирање на МХП во РМ.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Дисеминирано знаење за МХП кај посебни целни групи;**
- **Зголемен е бројот на едуцирани лица за МХП според претходно утврдените целни групи;**
- **Промоција, информирање за амблемот на Црвен крст и заштита од злоупотреба;**
- **Зајакнати капацитетите на веќе обучените дисеминатори;**
- **Ширење на знаењата за Црвен крст преку програмата ЦКА-ПХВ;**
- **Зацврстена партнерска соработка и меѓународна промоција;**
- **Промовирана хуманитарна едукација кај младите.**



# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА – ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ



Алатка за регрутирање и задржување на нови волонтери која функционира како самостојна програма во рамките на Црвен крст на РМ и се имплементира во сите 34 ООЦК и Црвен крст на град Скопје. Програма преку која младите волонтери стекнуваат соодветна едукација за препознавање на потребите на заедницата, изработка на мали проекти и самостојно организирана пракса на терен преку директна помош на ранливото население. Преку дисеминација за Црвен крст, промоција на култура на дијалог и тимска работа младите волонтери се стекнуваат со едукација и мотивација за понатамошна хуманитарна пракса во рамките на ООЦК. Согласно мисијата програмата се движи кон промовирање на култура на дијалог, како основа за интеркултурно општество преку промовирање на вредностите на Црвен крст и промовирање на активни знаења, како основа за активен пристап кон животот.

Главна цел: регрутирање на нови волонтери во Црвен крст од различна етничка припадност преку промовирање на принципите на Движењето на Црвен крст, взаемно разбирање, културата на дијалог до реализација на заеднички проекти за добробит на заедницата.

Под цели: создавање на дисеминациски модел за работа со млади, поврзување на дисеминацијата и хуманитарни акции, промовирање на културата како систем од вредности и промовирање на активен пристап кон животот.

## АКТИВНОСТИ:

- Работилница за обука на дисеминаторите за одржување на сесиите за дисеминација во своите ООЦК.
- Одржување на подготвителна работилница за сите ЦКА-ПХВ инструктори за унифицирање на обуката која ќе ја одржуваат во ООЦК.

- Одржување на 44 дисеминациски сесии за младинците во сите ООЦК во РМ од страна на обучените дисеминатори.
- Одржување на 44 работилници за ЦКА-ПХВ обука на младинците, кои претходно ги поминале сесиите за дисеминација, за препознавање на потребите на заедницата, за изработка и документација на мал проект за добробит на заедницата.
- Период од три месеци во текот на кои младинците стекнатите знаења ги претвораат во акција и изработуваат мали проекти за добробит на заедницата во којашто живеат.
- Подготвителна работилница за прегледување и оценување на изработените мали проекти и избор на младинци кои ќе бидат поканети на финалната работилница.
- Две финални ЦКА - ПХВ работилници со младинците кои се автори на најуспешните проекти.
- Доделување на пехар за најуспешната општина во рамките на ЦКА-ПХВ програмата и поделба на благодарници на сите учесници во рамките на малите проекти.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- 44 дисеминатори обучени за одржување на ЦКА - ПХВ дисеминациски сесии во ООЦК;
- 30 ЦКА - ПХВ инструктори подготвени за спроведување на унифицирана обука во сите ООЦК;
- 44 одржани ЦКА - ПХВ дисеминациски сесии во сите ООЦК на кои присуствувале 1400 младинци;
- 44 одржани ЦКА - ПХВ обуки за препознавање на потребите на заедницата, изработка и документирање на проекти на кои присуствувале 1400 младинци;
- Подготовка на 120 мали проекти за добробит на заедницата;
- Евалуирани пристигнатите проекти за добробит на заедницата и избрани учесници за финалната работилница;
- 100 младинци и 20 дисеминатори присутни на финалната работилница, направена евалуација на целиот циклус, изготвени леток, драма, филм и брошура;
- Доделен пехар за ООЦК со најголем број на проекти со сонце;



# МЛАДИ



Младите на Црвен крст на Република Македонија, како најголема инвестиција за организацијата, но и како клучен дел од сегашноста продолжуваат да бидат едни од главните двигатели на теренските активности на националното друштво. Преку клубовите на млади во општинските организации и градската организација на Црвен крст, тие активно се вклучени во реализацијата на сите програмски активности, како и учество во структурата на организацијата.

Во текот на претстојната година особено значење во дејствувањето на младите ќе се даде на развојот на клубовите на млади, зајакнувањето на лидерските способности и јакнење на капацитетите за одржување на програмите кои младите ги имплементираат на национално и локално ниво како и подобрена комуникација и меѓусебна соработка на клубовите на млади на Црвен крст на Република Македонија.

## *АКТИВНОСТИ:*

**Координација и развој на работата на клубовите на млади на Црвен крст на Република Македонија**

- Спроведување на редовни избори кај младите за мандатниот период 2012-2014. Во рамките на младинското работење во пролет 2012 година ќе се спроведат редовни избори на лидери на клубовите на млади како и избор на Претседател и Потпретседател на младите на Црвен крст на Република Македонија.
- Одржување на 3 редовни состаноци на Советот на млади на Црвен крст на РМ. Согласно Правилникот за организација и работа на младите на Црвен крст на РМ, во 2012 година покрај конститутивно изборната седница на Советот на млади, ќе се одржат и три редовни состаноци на Советот на млади на Црвен крст на РМ во месеците јуни, септември и декември.
- Одбележување на Недела на млади. Според традиционалниот календар на активности и манифестации на Црвениот крст на РМ, во периодот од 01-08 октомври, клубовите на млади ќе ја одбележат неделата на млади преку одржување на презентации во рамките на образовните институции и дистрибуција на информативни летоци за активностите на клубовите на млади со цел привлекување на нови волонтери.

- Обука на лидери на клубови на млади. Вештините за самопроцена, добро планирање на активностите, менаџмент со млади волонтери, транспарентност и добра комуникација се најголем предизвик за клубовите на млади. Во таа насока ќе се спроведат обуки за новоизбраните лидери и нивни заменици од клубовите на млади. Обучени ќе бидат нови 70 лидери на клубови на млади од ООЦК и Црвен крст на град Скопје.
- Организација на државен натпревар по прва помош
- Реализација на спортско - рекреативната и хуманитарна акција "За посреќно детство". Веќе традиционалната активност со која се собираат средства за помош на различни целни групи, и оваа година ќе биде предизвик за искажување на својата креативност на младите волонтери. Преку организација на различни социјални и спортски настани и преку продажба на учеснички бонови, оваа активност ќе се реализира во најмалку 10 клубови на млади.
- Организација на младински летен камп. Летниот период е идеален за градење на капацитетите на младите волонтери. Во овој период претстојат неколку обуки за надградба на вештините и знаењата кај младите волонтери за поефикасен и поефективен придонес во реализацијата на програмите на националното друштво.

## Проектни активности
## Програми за врсничка едукација и подигање на свеста кај младите

- Превенција од ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции. Околу 60 обучени врснички едукатори од 2010 година, ќе одржуваат работилници со целна група на возраст од 14-21 година согласно со врснички стандарди за едукација за здраво сексуално и репродуктивно здравје кај младите, во образовните институции и клубовите на млади
  За овој проект се очекува да бидат имплементирани 300 работилници и подигната свест кај 9000 млади луѓе за превенција од ХИВ/СИДА и СПИ.
- Навиваме за победи, не за повреди. Проект на Црвен крст на РМ во соработка со Македонската кошаркарска федерација кој има за цел да го намали бројот на инциденти за време на натпреварите предизвикани од навивачите и да ја подигне свеста кај раководствата на спортските клубови за општествена одговорност како и ризикот и последиците од насилството. Во текот на 2012 година ќе се опфатат навивачки групи од вкупно 5 кошаркарски клубови.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- Зголемување на бројот на млади волонтери обучени за врсничка едукација на млади во програмите, превенција од ХИВ/СИДА и СПИ;
- Успешно реализиран младински летен камп;
- Подобрена комуникација преку интензивно искористување на интернет технологијата (мејлинг групи, фејсбук и слично);
- Успешна реализација на спортско- хуманитарната и рекреативна акција "За посреќно детство" во 10 општински организации на Црвениот крст;
- Младите во општинските организации на Црвениот крст спроведуваат локални кампањи за промовирање на волонтеризмот;





# СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Меѓународното хуманитарно право на семејствата им дава можност да бидат информирани за судбината на своите исчезнати роднини и пријатели. Програмата на Службата за барање претставува навремен одговор на хуманитарните потреби на населението за воспоставување на семејни врски. Различните компоненти на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина во континуитет создаваат напори за воспоставување на семејните врски во рамките на националните друштва. Добросостојбата на човекот зависи во голема мера од неговата можност да биде во контакт со неговите најблиски или барем да добие информации за тоа што им се случило.

## ЦЕЛ:

*Надградба на капацитетите на сите нивоа на дејствување на Службата за барање, за да се постигне ефективен и доволен одговор на хуманитарните потреби на населението за воспоставување на семејни врски;*

## АКТИВНОСТИ:

- Организирање на тренинг работилници за освежување на знаењата на обучените волонтери и професионално вработените во општинските организации на Црвен крст за работа во Службата за барање.
- Присуство на регионална - меѓународна конференција на координаторите на Службите за барање, заради унапредување на програмите во рамките на националните друштва.
- Соработката со Меѓународниот Комитет на Црвен крст.
- Градење на адекватен однос со Владата и владини институции-Министерства за остварувањето на информативните обрски во случај на потреба од воспоставување на семејни врски.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

**Зајакнати се постојните капацитети на Службата за барање, за остварувањето на програмски активности;**
**Остварени се позитивни релации со владините институции за решавање на конкретни случаи на исчезнати;**

# МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ



Мобилизирањето на фондови претставува една од главните приоритети на дејствување на организацијата на Црвениот крст. Во насока на обезбедување на поквалитетни услуги на ранливото население и непречено и ефикасно функционирање на организацијата се превземаат активности и иницијативи за понатамошно подобрување на финансиската стабилност и мобилизирање на дополнителни средства од корпоративниот сектор. Воспоставениот систем на дејствување во овој правец го потврдуваат и остварените партнерски релации со неколку компании во Р. Македонија кои резултираат со финансиски импликации во остварување на дефинираните хуманитарни цели на организацијата на Црвениот крст. Добрите практики особено со големите компании кои веќе се преструктуирани како општествено одговорни компании ја потврдија политиката на Црвениот крст на РМ дека мобилизирањето на фондови е еден од главните приоритети кои во наредниот период треба интензивно да се развива со воведување на нови форми и градење на атрактивни проекти кои ќе го привлечат вниманието и интересот на компаниите.
Особено внимание ќе се посвети на изработка на проекти за аплицирање во ЕУ предпристапните фондови, како еден од можните извори за поддршка на имплементација на активностите на Црвениот крст.
Исто така акцент се става на мобилизирање на ресурси од сопствените извори кое се остварува преку обезбедување на услуги за одредени целни групи, членарина, надоместоци, дотации и партнерска поддршка, како и финансиски средства согласно Законот за Црвениот крст на РМ.

## ЦЕЛИ:

- *Воспоставен ефикасен и одржлив систем за мобилизирање на фондови;*
- *Зголемен интерес на надворешни партнери за поддршка на програми на Црвениот крст на РМ;*

## АКТИВНОСТИ:

- Континуирана соработка со компании со кои е воспоставена партнерска соработка за имплементација на проектни содржини.
- Воспоставување на соработка и проширување на партнерството со нови компании за имплементација на проекти.
- Подготовка на проекти за заедничко партнерско дејствување.
- Подготовка на заеднички иницијативи за вклученост на вработени од компании во имплементација на хуманитарни активности со цел поттикнување на волонтерството.
- Развивање на воспоставената добра соработка со Стопанската комора на РМ, Сојузот на стопанските комори на РМ и Стопанската комора на северозападна Македонија за имплементација на заеднички иницијативи дефинирани во потпишаните меморандуми за соработка во насока на промовирање на корпоративната општествена одговорност на компаниите за нивна поддршка во реализација на програми наменети за ранливи целни групи население.
- Изработка на проекти и аплицирање во ЕУ предпристапни фондови.
- Организирање на кампања за промовирање на вредностите на Црвениот крст на РМ со цел да се мобилизираат материјални и човечки ресурси за поддршка на активностите на Црвениот крст.
- Промовирање на заеднички активности со партнерите на веб страната и е-весникот на Црвениот крст на РМ.
- Јакнење на партнерството со владини институции, локалните самоуправи, граѓанскиот сектор и заедниците за имплементација на заеднички проекти.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Зголемен е интересот на корпоративниот сектор за партиципирање во активностите на Црвениот крст;**
- **Воспоставени се стратешки партнерства со компании во земјата;**
- **Зголемен е капацитетот на организацијата во остварување на хуманитарните цели;**
- **Зголемен е бројот на волонтери во Црвениот крст;**



# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ




Односите со јавноста претставуваат промотивна - менаџмент функција која употребува двонасочна комуникација да ги поврзе потребите и интересите на една организација или лице со интересите на различни публики со кои организацијата комуницира. Односите со јавноста се исто така насочени кон внатрешните човечки ресурси на организацијата во насока на развивање и зголемување на организациската култура, контрола на вредностите што постојат во организацијата и подобрување на отчетноста и транспарентноста. Информирањето и комуницирањето на Црвениот крст со јавноста, преставува правилно насочување и презентирање на информации за реализираните активностите на организацијата. Информирањето претставува развојна алатка на националното друштво за остварување на утврдените цели и задачи, а истовремено обезбедува отчетност и транспарентност во работењето. Воспоставениот информативен менаџмент систем преку проектот за интензивна надградба на капацитети, овозможува брз проток на информации што е предуслов за успешно функционирање на целокупната мрежа на Црвениот крст на национално и локално ниво. Информатичката поврзаност ќе обезбеди навремени информации за партнерските организации, пошироката јавност и корисниците на услуги кои ги опслужува националното друштво.

## АКТИВНОСТИ:

- Интернет страна - постојана алатка за промоција на услугите кои ги нуди организацијата на која се презентирани основните информации за Црвен крст на Република Македонија, општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, како и информации за реализираните активности кои ги пренесуваат саканите пораки до јавноста за кои се наменети. Редизајнираната интернет страна во континуитет се надополнува и изработува на македонски, албански и англиски јазик.
- Е-весник на Црвениот крст на РМ - Во унапредувањето на севкупните комуникации посебен предизвик претставува издавањето на електронскиот весник на организацијата. Електронскиот весник ќе се издава еднаш неделно до 66.000 е-маил адреси, и преку него ќе се информира пошироката јавност за реализираните активности на Црвениот крст на РМ, општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.
- Прес-конференции и брифинг за новинари - Прес-конференциите и брифинзите за новинари, имаат за цел да ја доближат организацијата до медиумите и навремено да обезбедат соопштенија до медиумите за програмски и проектни содржини

организирани од Црвениот крст на РМ во кои се презентираат значајни хуманитарни настани, посета на претставници од меѓународни организации, хуманитарни активности поврзани со донации, и слично.

- Промотивни материјали - Во изминатиот период Црвениот крст на РМ редовно издава тријазични публикации на годишни програми и извештаи со финансиски показатели за работата на националното друштво што значително придонесува за подобрување на отчетноста и транспарентноста на организација и надградба на имиџот пред партнерските организации и јавноста со цел да биде во можност да дистрибуира информации за своите услуги и активности до потенцијалните клиенти и јавност. Националното друштво во рамките на одбележувањето на календарските активности редовно подготвува и печати брошури, флаери и плакати за промовирање на активностите на организацијата. Со печатениот информативен материјал се одбележуваат традиционалните и други активности на организацијата. Во соработка со Македонски пошти ќе се издаваат и поштенските марки со содржини поврзани со четирите традиционални недели на Црвениот крст на РМ.
- Обука за новинари - Црвениот крст на РМ ќе продолжи да организира обуки за новинарите во Република Македонија во насока на дисеминирање на активностите на Црвениот крст на РМ до медиумите и обезбедување на медиумска поддршка за активностите на Црвениот крст на РМ. Оваа година ќе бидат опфатени 15 новинари од различни електронски и пишани медиуми.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Зајакнат е имиџот на организацијата;**
- **Јавноста е постојано информирана за сите реализирани активности на Црвениот крст на РМ, при што се користени сите современи средства за комуникација;**
- **Подобрена е соработката со партнерските организации и зајакната е корпоративната соработка;**



# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА



Црвениот крст на Македонија континуирано гради партнерски односи и соработка преку имплементација на програмски и проектни активности со партнерски организации за обезбедување поддршка за различни целни групи. Дел од програмските активности на националното друштво ќе се реализираат со компонентите на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина, а дел со агенциите на Обединетите Нации, Европската Унија и други меѓународни организации. Црвениот крст на Република Македонија како силно и функционално национално друштво постојано обезбедува придонес во развојните иницијативи, проекти и програми во рамките на Движењето по пат на споделување позитивни искуства и постигнувања кои се воведуваат во работата на многу национални друштва во регионот и пошироко. Иновативните развојни содржини и компетенциите на човечките ресурси на Црвениот крст на Република Македонија се користат за дисеминарање на нашите искуства кај други партнерски организации. Постигнувањата во изминатиот период и добрата соработка со партнерските организации се добар предуслов Црвениот крст на Република Македонија во 2012 да имплементира разновидни проекти и програми финансирани од меѓународни донатори за повеќе ранливи категории на население во локалните заедници како и за организациски развој на националното друштво.

## АКТИВНОСТИ:

- Координација и имплементација на проекти кои произлегуваат од Меѓународниот Комитет на Црвен крст, Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и меѓународни организации, Германски Црвен крст и други национални друштва. Поддршката од Меѓународната Федерација е изразена преку имплементирање на проектот за процена и анализа на општинските организации на Црвен крст на Република Македонија. Меѓународната Федерација обезбедува и поддршка за учества на претставници на нашето национално друштво на голем број на програмски едукации кои се организираат од нејзина страна како и поддршка на здравствено превентивни активности и обуки за подготвеност и дејствување при катастрофи. Поддршката од Меѓународниот Комитет на Црвен крст е насочена во делот на организација и развој, дисеминација и промовирање на хуманите вредности. Во текот на годината националното друштво ќе го имплементира националниот ЦКА-ПХВ проект во соработка со Турската Црвена полумесечина. Во тековната година Црвениот крст на РМ продолжува со имплементација на проектот за обезбедување на здравствена и логистичка поддршка за бегалците и ба-

ратели на азил во РМ во соработка со УНХЦР. Програмата во име на националното друштво ја имплементира Црвениот крст на град Скопје.

- Градење партнерски односи и билатералната соработка со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина. Успешната соработка со националните друштва продолжува во 2012 година во насока на обезбедување проектна и програмска поддршка за националното друштво и размена на позитивни искуства од работата. Покрај унапредување на веќе воспоставената соработка со Австриски Црвен крст, Германски Црвен крст, Турската Црвена полумесечина и Шпански Црвен крст, во 2012 година се очекува воспоставување на билатерална проектна соработка и со други национални друштва.
- Воспоставување и унапредување на билатерална соработка на општинските организации на Црвен крст на Република Македонија со општински организации на Црвен крст и Црвена полумесечина од други национални друштва со кои националното друштво има потпишано договори за соработка. Градењето партнерски односи и билатрална соработка на општинско ниво е предуслов за поуспешување на соработката и размена на искуства и научени лекции на националните друштва. Во таа насока ќе бидат направени напори за воспоставување на 3 нови партнерства на локално ниво во 2012 година со националните друштва со кои Црвениот крст на Република Македонија има потпишано договори за билатерална соработка.
- Привлекување на нови донатори за обезбедување средства за хуманитарни проекти. Еден од најважните предизвици за националното друштво е обезбедување на разновидна поддршка за имплементација на активностите на националното друштво на национално и локално ниво. За таа цел ќе продолжат напорите за воспоставување на нови партнерства со меѓународни и домашни организации, како и индивидуални донатори и корпоративниот сектор во насока на обезбедување на потребната поддршка. Од посебна важност ќе биде обезбедување на поддршка од ИПА фондовите на Европската Унија па за таа цел националното друштво ќе поднесе апликации за имплементација на заеднички проекти со други партнерски национални друштва за поддршка на надградба на капацитетите на националното друштво и ранливи категории на корисници на услуги на ЦКРМ.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- **Стекнати се нови знаења и вештини за ефикасно имплементирање на програмските активности на ЦКРМ;**
- **Обезбедени се нови проекти за претстојниот период преку отчетност и транспарентност во работата;**
- **Развиена е континуирана билатералната соработка со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина;**
- **Воспоставена и унапредена програмската соработка на повеќе општински организации на Црвен крст на РМ со општински организации на Црвен крст и Црвена полумесечина од други национални друштва;**
- **Зголемен е интересот кај меѓународни владини и невладини партнерски организации за поддршка на ЦКРМ;**
- **Подобрени се материјалните и кадровските капацитети на националното друштво;**

# БУЏЕТ ЗА 2012 ГОДИНА



Црвениот крст на Република Македонија преку континуирано осовременување и усовршување на материјално- финансиското работење, овозможува транспарнтност, отчетност во работењето, автоматска обработка на податоците, брз проток на информации и финансиски показатели, точна и сеопфатна база на финансиски податоци, како и зголемен имиџ на националното друштво.
Следењето на современите текови во делот на финансикото работење подразбира превземање на активности за проширување на материјалните и финансиски капацитети со што ќе се овозможи зголемување на капацитетите на националното друштво.
Црвен крст на Република Македонија, преку предложениот Буџетот, го отсликува континуитетот на активностите што ги превзема организацијата во остварување на програмските цели за понатамошно поттикнување на развојот на националното друштво, особено на општинските организации на Црвениот крст.
Вкупниот Буџет за 2012 година е зголемен за 6,71 % во однос на Буџетот од минатата година и за 5,48% во однос на буџетот во 2010 година.
Од вкупните приходи, планираните сопствени приходи оваа година учествуваат со 16.99%, а приходите од органи и донатори учестуваат со 83.01%.
Во делот на расходите, капиталните расходи изнесуваат 0,52% , односно тековните расходи изнесуваат 99,48% од вкупните расходи. И оваа година како и минатата година политиката на организацијата е насочена кон развојот на општинските организации на Црвен крст. Од вкупните расходи во Буџетот за 2012 година, 24.84% се однесуваат на трошоци за централата на ЦКРМ и бележат тренд на намалување во споредба со претходната година, додека 75,16% од вкупниот Буџет се наменети за општинските организации на ЦК. Исто така важно е да се напомене дека од вкупните трошоци на централата , 37,24% се директни трансфери во ООЦК за реализација на програмските активности.
Како трошок на централата на ЦКРМ се опфатени трошоците за плата на вработените, материјалните трошоци, како и трошоците за тековно одржување. Во делот на трошоци наменети за ООЦК опфатени се трошоци за проекти и програми обезбедени од донатори или од институции, организирање на семинари и печатење на материјали.
Буџетот на ЦКРМ е реален, сеопфатен, структуиран, прецизен и избалансиран, а планираните средства во Буџетот за 2012 година, ЦКРМ ќе ги користи наменски, рационално и економично , со потполна транспарентност и отчетност.

# БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

| | | | % | 2012 | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Вкупни приходи** | | **100.00** | **53,880,435.50** | **50,490,826.00** | **51,077,285.00** |
| | | Сопствени извори | **16.99** | **9,154,000.00** | **12,950,300.00** | 8,944,000.00 |
| | | Од органи и донатори | **83.01** | **44,726,435.50** | **37,540,526.00** | 42,133,285.00 |
| 2 | **Вкупни расходи** | | **100.00** | **53,880,435.50** | **50,490,826.00** | **51,077,285.00** |
| | | Тековни расходи | **99.48** | **53,600,435.50** | **49,614,867.00** | 48,736,179.00 |
| | | Капитални расходи | **0.52** | **280,000.00** | **875,959.00** | 2,341,106.00 |
| | **Разлика** | | **100.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** |

## П Р И Х О Д И

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | **Буџет 2012** | **Буџет 2011** | Буџет 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | |
| 741 | Министерство за Финансии ( Од Буџетот на РМ - средства за програмски активности) | | 6,324,000.00 | **6,324,000.00** | **6,324,000.00** | **6,324,000.00** |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 10,000,000.00 | **10,000,000.00** | **11,000,000.00** | 10,500,000.00 |
| 740 | Социјално - хуманитарна дејност | 300,000.00 | | **300,000.00** | **1,000,000.00** | 1,300,700.00 |
| 740 | Организација и развој | | 347,000.00 | **347,000.00** | **1,857,940.00** | 4,259,000.00 |
| 740 | Прва помош | 2,900,000.00 | | **2,900,000.00** | **3,500,000.00** | 5,617,739.00 |
| 740 | Здравствено воспитание | | 11,779,098.00 | **11,779,098.00** | **4,186,022.00** | 5,600,985.00 |
| 740 | Младина | 300,000.00 | | **300,000.00** | **200,000.00** | 953,500.00 |
| 740 | Катастрофи | | 2,653,725.00 | **2,653,725.00** | **1,612,874.00** | 1,052,345.00 |
| 740 | Дисеминација | | 436,865.00 | **436,865.00** | **318,300.00** | 129,500.00 |
| 740 | ЦК во акција - ПХВ | | | **0.00** | **1,657,280.00** | 600,516.00 |
| 740 | Информирање и комуникација | | | **0.00** | **0.00** | 0.00 |
| 740 | Служба барање | | 85,800.00 | **85,800.00** | **120,000.00** | 120,000.00 |
| 740 | Меѓународна соработка | | | **0.00** | **0.00** | 0.00 |
| 740 | Мобилизирање на фондови | | 1,200,000.00 | **1,200,000.00** | **864,110.00** | 500,000.00 |
| 740 | Финансии | | | **0.00** | **0.00** | 0.00 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | **0.00** | **0.00** | 0.00 |
| 740 | Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,875,000.00 | | **1,875,000.00** | **1,875,000.00** | 1,875,000.00 |
| 740 | Донација од физички лица | 150,000.00 | | **150,000.00** | **200,000.00** | 30,000.00 |
| 740 | Донација од правни лица | 350,000.00 | | **350,000.00** | **650,000.00** | 300,000.00 |
| 760 | Доплата марки ( од законот на ЦК ) | 300,000.00 | | **300,000.00** | **300,000.00** | 450,000.00 |
| 750 | Од закупнинана деловен простор | 1,179,000.00 | | **1,179,000.00** | **2,135,300.00** | 1,464,000.00 |
| 760 | Од регистрација возила | 600,000.00 | 9,600,000.00 | **10,200,000.00** | **10,200,000.00** | 9,000,000.00 |
| 760 | Од Едукативен Тренинг центар | 400,000.00 | 740,000.00 | **1,140,000.00** | **1,490,000.00** | 1,000,000.00 |
| 780 | Пренесени средства од минатата година | 800,000.00 | 1,559,947.50 | **2,359,947.50** | **1,000,000.00** | 0.00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **9,154,000.00** | **44,726,435.50** | **53,880,435.50** | **50,490,826.00** | 51,077,285.00 |

## Р А С Х О Д И

| | ОПИС | Од сопствени извори | Од органи и донатори | **Буџет 2012** | **Буџет 2011** | Буџет 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | | |
| **480** | **ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | | | | |
| 4800 | Бруто плата на вработени | 5,642,989.00 | 903,020.00 | 6,546,009.00 | 8,226,000.00 | 7,750,000.00 |
| 4012 | Надомест за годишен одмор | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 4012 | Други надоместоци | 50,000.00 | | 50,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| **480** | **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК** | | | 0.00 | | |
| 4603 | Персонален данок од надоместоци (дневници, јубилејни награди) | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 100,000.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | | **5,742,989.00** | **903,020.00** | **6,646,009.00** | **8,376,000.00** | **7,950,000.00** |
| **414** | **ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| 4141 | Патување во странство | 250,000.00 | 24,100.00 | 274,100.00 | 200,000.00 | 350,000.00 |
| **401** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 4010 | Електрична енергија | 900,000.00 | | 900,000.00 | 615,000.00 | 500,000.00 |
| 4015 | Водовод и канализација | 60,000.00 | | 60,000.00 | 60,000.00 | 80,000.00 |
| 4015 | Ѓубретарина | 25,000.00 | | 25,000.00 | 25,000.00 | 25,000.00 |
| **401** | **ЗАТОПЛУВАЊЕ** | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 4011 | Централно греење | 650,000.00 | | 650,000.00 | 600,000.00 | 0.00 |
| **404** | **КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 4045 | Пошта | 60,000.00 | | 60,000.00 | 100,000.00 | 80,000.00 |
| 4045 | Телефон и телефакс | 600,000.00 | 190,584.00 | 790,584.00 | 659,224.00 | 600,000.00 |
| 4045 | Интернет | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 40,000.00 |
| 4012 | Гориво | 600,000.00 | 147,498.00 | 747,498.00 | 563,809.00 | 595,825.00 |
| 4083 | Трошоци за регистрација возила | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200,000.00 | 200,000.00 |
| 4049 | Други расходи за транспорт(патарина,миење коли, лепење гуми) | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| **400** | **МАТЕРИЈАЛИ** | | | | 0.00 | 0.00 |
| 4003 | Канцелариски материјал | 100,000.00 | 547,500.00 | 647,500.00 | 232,309.00 | 301,870.00 |
| 4081 | Претплата за списанија и стручна литература | 30,000.00 | | 30,000.00 | 30,000.00 | 44,738.00 |
| 4009 | Ленти, касети и друго за АОП | 50,000.00 | | 50,000.00 | 100,000.00 | 330,000.00 |
| 4034 | Копирање,печатење и издавање материјали | 377,205.00 | 3,056,467.50 | 3,433,672.50 | 5,008,651.00 | 4,663,865.00 |
| | Организација и развој | | 270,600.00 | 270,600.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Информирање и комуникација | | | 0.00 | 0.00 | 200,000.00 |
| | Дисеминација | | 187,765.00 | 187,765.00 | 347,000.00 | 0.00 |
| | Здравствено - воспитна дејност | | | 0.00 | 109,940.00 | 107,575.00 |
| | Прва помош | 177,205.00 | | 177,205.00 | 300,000.00 | 392,250.00 |
| | Мегународно | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | Крводарителство | | 1,963,000.00 | 1,963,000.00 | 2,963,000.00 | 3,463,000.00 |
| | Социјално - хуманитарна дејност | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200,000.00 | 381,040.00 |
| | Служба барање | | | 0.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| | Мобилизирање на фондови | | 200,000.00 | 200,000.00 | 678,480.00 | 0.00 |
| | Едукативен тренинг центар | | 100,000.00 | 100,000.00 | 220,000.00 | 100,000.00 |
| | Катастрофи | | 246,000.00 | 246,000.00 | 190,231.00 | 0.00 |
| | Млади | | 89,102.50 | 89,102.50 | 0.00 | 0.00 |
| 4002 | Пијалоци, прехрамбени продукти  средства за хигиена | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 150,000.00 |
| 4000 | Материјали за противпожарна заштита | 20,000.00 | | 20,000.00 | 17,000.00 | 20,000.00 |
| 4000 | Материјали со специјална намена (медицински материјаки) | | 1,132,741.50 | 1,132,741.50 | 597,895.00 | 350,000.00 |
| 4007 | Други материјали | 200,000.00 | 18,450.00 | 218,450.00 | 200,000.00 | 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прва помош | 177,205.00 | | **177,205.00** | **300,000.00** | 392,250.00 |
| | Мегународно | | | **0.00** | **0.00** | 0.00 |
| | Крводарителство | | 1,963,000.00 | **1,963,000.00** | **2,963,000.00** | 3,463,000.00 |
| | Социјално - хуманитарна дејност | 200,000.00 | | **200,000.00** | **200,000.00** | 381,040.00 |
| | Служба барање | | | **0.00** | **0.00** | 20,000.00 |
| | Мобилизирање на фондови | | 200,000.00 | **200,000.00** | **678,480.00** | 0.00 |
| | Едукативен тренинг центар | | 100,000.00 | **100,000.00** | **220,000.00** | 100,000.00 |
| | Катастрофи | | 246,000.00 | **246,000.00** | **190,231.00** | 0.00 |
| | Млади | | 89,102.50 | **89,102.50** | **0.00** | 0.00 |
| 4002 | Пијалоци, прехрамбени продукти средства за хигиена | 100,000.00 | | **100,000.00** | **100,000.00** | 150,000.00 |
| 4000 | Материјали за противпожарна заштита | 20,000.00 | | **20,000.00** | **17,000.00** | 20,000.00 |
| 4000 | Материјали со специјална намена (медицински материјаки) | | 1,132,741.50 | **1,132,741.50** | **597,895.00** | 350,000.00 |
| 4007 | Други материјали | 200,000.00 | 18,450.00 | **218,450.00** | **200,000.00** | 0.00 |
| **402** | **ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | **0.00** | | 0.00 |
| 4020 | Поправка и одржување коли | 250,000.00 | | **250,000.00** | **250,000.00** | 200,000.00 |
| 4020 | Трошоци за одржување опрема | 100,000.00 | | **100,000.00** | **50,000.00** | 50,000.00 |
| 4020 | Трошоци за одржување зграда | 100,000.00 | | **100,000.00** | **150,000.00** | 450,000.00 |
| 4020 | Одржување на софтвер и хардвер | 270,000.00 | | **270,000.00** | **50,000.00** | 50,000.00 |
| **403** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | **0.00** | | |
| 4030 | Адвокатски услуги | 150,000.00 | | **150,000.00** | **150,000.00** | 150,000.00 |
| 4082 | Семинари и состаноци | 1,852,290.00 | *2,918,631.00* | ***4,770,921.00*** | ***3,543,802.00*** | *5,283,681.00* |
| | Организација и развој | 392,290.00 | 147,000.00 | **539,290.00** | **718,740.00** | 760,000.00 |
| | Информирање и комуникација | 150,000.00 | | **150,000.00** | **150,000.00** | 100,000.00 |
| | Дисеминација | | 249,100.00 | **249,100.00** | **349,800.00** | 258,000.00 |
| | ЦКА - ПХВ | | | **0.00** | **0.00** | 498,519.00 |
| | Здравствено - воспитна дејност | | 579,459.00 | **579,459.00** | **188,562.00** | 205,782.00 |
| | Прва помош | 150,000.00 | | **150,000.00** | **150,000.00** | 120,000.00 |
| | Крводарителство | | 337,000.00 | **337,000.00** | **357,000.00** | 200,000.00 |
| | Социјално - хуманитарна дејност | | 6,000.00 | **6,000.00** | **100,000.00** | 100,000.00 |
| | Служба барање | | 61,700.00 | **61,700.00** | **140,000.00** | 130,000.00 |
| | Мобилизирање на фондови | | 300,000.00 | **300,000.00** | **196,640.00** | 772,880.00 |
| | Млади | 110,000.00 | 206,472.00 | **316,472.00** | **100,000.00** | 793,500.00 |
| | Катастрофи | | 651,900.00 | **651,900.00** | **393,060.00** | 0.00 |
| | Единица за одговор при катастрофи ( обука и активност) | 100,000.00 | | **100,000.00** | **100,000.00** | 0.00 |
| | Едукативен тренинг центар | | 380,000.00 | **380,000.00** | **100,000.00** | 200,000.00 |
| | Седница на Извршен Одбор | 100,000.00 | | **100,000.00** | **100,000.00** | 150,000.00 |
| | Собрание на ЦКРМ | 100,000.00 | | **100,000.00** | **100,000.00** | 200,000.00 |
| | Состанок со секретарите / претседатели | 100,000.00 | | **100,000.00** | **100,000.00** | 150,000.00 |
| | ФАЦЕ | 250,000.00 | | **250,000.00** | **0.00** | 185,000.00 |
| | Совет на млади | 100,000.00 | | **100,000.00** | **100,000.00** | 80,000.00 |
| | Младински камп / Европски координативен состанок | 300,000.00 | | **300,000.00** | **100,000.00** | 380,000.00 |
| 4100 | Банкарска провизија | 50,000.00 | | **50,000.00** | **45,000.00** | 60,000.00 |
| 4130 | Осигурување на имот и обезбедување на објекти | 30,000.00 | | **30,000.00** | **30,000.00** | 100,000.00 |
| 4266 | Други финансиски услуги ( договори за повремени и привремено ангазирање) | 2,144,232.00 | 8,660,232.00 | **10,804,464.00** | **4,132,482.00** | 4,012,000.00 |
| 4267 | Други договорени услуги (царина,работници за пакување хум.помош),судки решенија | 150,000.00 | | **150,000.00** | **200,000.00** | 100,000.00 |
| 4267 | Надворешна ревизија | 120,000.00 | 553,500.00 | **673,500.00** | **100,000.00** | 150,000.00 |
| 4268 | Членарина во меѓународни организации | 150,000.00 | | **150,000.00** | **212,000.00** | 250,000.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **427** | **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | | | **0.00** | | |
| 4271 | Обезбедување на фондови | | | **0.00** | **100,000.00** | 0.00 |
| 4200 | Трошоци за меѓународна соработка | | | **0.00** | **250,000.00** | 300,000.00 |
| **430** | **ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ** | | | **0.00** | | |
| 4300 | Трансфери до ООЦК | | 20,065,995.50 | **20,065,995.50** | **22,616,695.00** | 20,311,700.00 |
| 4300 | Фонд за развој | | | **0.00** | **0.00** | 937,500.00 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **15,381,716.00** | **38,218,719.50** | **53,600,435.50** | **49,614,867.00** | **48,736,179.00** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | |
| **441** | **КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА** | | | | | |
| 4410 | Купување канцелариски мебел | | | **0.00** | **0.00** | 0.00 |
| 4410 | Купување на опрема ( ЦКРМ и ЕОК) И софтвер, медицински опрема | 130,000.00 | | **130,000.00** | **325,959.00** | 1,936,106.00 |
| **464** | **КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА** | | | | | |
| 4641 | Купување автомобил | 0.00 | | **0.00** | **0.00** | 0.00 |
| **440** | **ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| 4425 | Капитални инвестиции во ООЦК | | | **0.00** | **200,000.00** | 0.00 |
| 4425 | Подршка за развој на ООЦК | | | **0.00** | **200,000.00** | 255,000.00 |
| 4401 | Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 150,000.00 | | **150,000.00** | **150,000.00** | 150,000.00 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **280,000.00** | **0.00** | **280,000.00** | **875,959.00** | **2,341,106.00** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **15,661,716.00** | **38,218,719.50** | **53,880,435.50** | **50,490,826.00** | **51,077,285.00** |

| | | % |
|---|---|---|
| Тошоци за Централата на ЦКРМ | 13,382,221.00 | 24.84 |
| Трошоци за ООЦК | 40,498,214.50 | 75.16 |
| ВКУПНО | 53,880,435.50 | 100 |

18,11,2011

| | |
|---|---|
| Финансиска Служба | Генерален Секретар |
| Жаклина Поповиќ | м-р Саит Саити |

## *Структура на приходи по дејности*







## *Структура на трошоци по дејности и ООЦК*







45000000
40000000
35000000
30000000
25000000
20000000
15000000
10000000
5000000
0
44726435.5
37540526
42133285
9154000
12950300
8944000
2012
2011
2010
Од органи и донатори
Сопствени извори
Сопствени извори
Од органи и донатори


60000000
50000000
40000000
30000000
20000000
10000000
0
53600435.5
49614867
48736179
280000
875959
2341106
2012
2011
2010
Тековни расходи
Капитални расходи
Капитални расходи
Тековни расходи

www.redcross.org.mk